Влада на Република Северна Македонија
Бр.4401-17/78

# З А П И С Н И К
од Седумдесет и осмата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 28 јули 2020 година

Скопје, јули 2020 година

# З А П И С Н И К
**од Седумдесет и осмата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 28 јули 2020 година**

Седницата на Владата на Република Северна Македонија што се одржа преку видео конференциска врска со употреба на интернет комуникација започна во 12:15 часот.

Со седницата претседаваше претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Оливер Спасовски.

На седницата учествуваа заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за одбрана, м-р Радмила Шекеринска-Јанковска, заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, Мила Царовска, членовите на Владата на Република Северна Македонија д-р Рената Дескоска, министер за правда, м-р Никола Димитров, министер за надворешни работи, д-р Нина Ангеловска, министер за финансии, Трајан Димковски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, Горан Милевски, министер за локална самоуправа, Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање, Хусни Исмаили, министер за култура, Роберт Поповски, министер без ресор, задолжен за комуникации, отчетност и транспарентност, Едмонд Адеми, министер без ресор, задолжен за дијаспора, Елвин Хасан, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, Музафер Бајрам, министер без ресор, задолжен за имплементација на Националната стратегија за подобрување на состојбата на Ромите во Република Северна Македонија, Зорица Апостолска министер без ресор, задолжен за странски инвестиции и Хисен Џемаили, министер без ресор, задолжен за регулатива за подобрување на инвестициската клима за домашните претпријатија, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, д-р Драги Рашковски и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Тахир Хани.

На седницата учествуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата на Република Северна Македонија на седницата учествуваа и д-р Агим Нухиу, заменик на министерот за внатрешни работи, м-р Андреј Жерновски, заменик на министерот за надворешни работи, Ѓонул Бајрактар, заменик на министерот за труд и социјална политика, Владимир Лазовски, заменик на министерот за култура, Александар Бајдевски, заменик на министерот за информатичко општество и администрација, како и Лирим Шабани, државен секретар во Министерството за политички систем и односи меѓу заедниците

На седницата учествуваа и Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија и Муамет Хоџа, портпарол на Владата на Република Северна Македонија.

На седницата не учествуваа заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања, д-р Бујар Османи, заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за политички систем и односи меѓу заедниците, Садула Дураки, членовите на Владата на Република Северна Македонија, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, м-р Горан Сугарески, министер за транспорт и врски, Дамјан Манчевски, министер за информатичко општество и администрација, д-р Венко

Филипче, министер за здравство, д-р Арбер Адеми, министер за образование и наука и д-р Бардул Даути, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции.

*

*       *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

ДНЕВЕН РЕД

**- Усвојување на Записникот од 76-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 13 јули 2020 година**

**- Усвојување на Записникот од 77-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 21 јули 2020 година**

1. Записник од Сто и вториот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, одржан на 23 јули 2020 година

2. Записник од Сто и третиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, одржан на 24 јули 2020 година

3. Записник од Сто и четвртиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, одржан на 27 јули 2020 година

4. Записник од Сто и петтиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19

5. Предлог - одлуки за давање согласност на решенијата за отстапување на одземени предмети (вкупно 17 моторни возила) во кривична и прекршочна постапка и предлог - одлуки за престанок на важење на одлуките за давање согласност на решенијата за отстапување на одземени предмети со правосилна одлука (4)

6. Предлог - одлуки за давање согласност на решенијата за отстапување на одземени предмети (разна стока) во кривична, прекршочна и во управна постапка

7. Предлог - одлука за запишување на правото на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности - ДП Штип - 03-362/20

8. Фискална стратегија на Република Северна Македонија за 2021-2023 година

9. Предлог - одлука за измена на распоредот на средствата во посебниот дел утврден со Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година

10. Информација за статусот со адаптацијата на купените деловни простории во новото седиште на НАТО во Брисел во кои што од неодамна се пресели Мисијата на Република Северна Македонија при НАТО и натамошни активности околу опремувањето на истите

11. Информација за контрибуција на Република Северна Македонија во Довереителниот фонд на НАТО за справување со пандемијата КОВИД-19

12. Информација за плановите за учество на Република Северна Македонија во операцијата на НАТО во Косово – КФОР

13. Информација за правосилност на пресудата на Европскиот суд за човекови права во случајот Авто атом ДОО Кочани против Северна Македонија А.бр.21954/16, со Предлог - одлука

14. Информација за напредокот на проектот „Реконструкција на казнено-поправните установи во Република Северна Македонија"

15. Предлог - одлука за давање согласност на Одлуката за промена на името на Домот (т.е. Јавната здравствена установа Здравствен дом - Пехчево)

16. Предлог – одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Јавната здравствена установа Клиничка болница Штип (медицинска опрема - ангиографска цевка и УПС - Систем за непрекинато напојување на ангиографот)

17. Предлог - одлука за доделување стипендии на странски државјани од интерес за Република Северна Македонија

18. Предлог - одлука за утврдување на бројот на стипендистите и висината на стипендиите за ученици запишани во средните училишта во Република Северна Македонија за учебната 2020/2021 година

19. Годишен извештај за 2019 година на Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија

20. Годишен извештај за работата на Инспекцискиот совет за 2019 година

21. Годишен извештај за работата на Државната комисија за спречување на корупцијата за 2019 година

22. Иницијатива од Ајдован Адемоски, почесен конзул на Република Турција во Република Северна Македонија и други, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.219/2020 за поведување на постапка за оценување на

уставноста на одредби од Законот за данокот на моторни возила („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.261/2019)

23. Решение на Уставниот суд на Република Северна Македонија, под У.бр.217/2020 од 1.7.2020 година, за поведување постапка и оценување на уставноста и законитоста на Уредбата со законска сила за изменување и дополнување на Уредбата за примена на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за време на вонредна состојба, донесена од Владата на Република Северна Македонија бр.44-3992/1 од 12 мај 2020 година („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.123/20) и Уредбата со законска сила за измена и дополнување на Уредбата за примена на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за време на вонредна состојба, донесена од Владата на Република Северна Македонија бр.44-6309/1 од 22 јуни 2020 година („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.169/20)

24. Статут на МИТ Универзитет Скопје

25. Понуда од нотар Јасмина Радончиќ од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.1354 за КО Сингелиќ 1 на КП бр.1657 место/улица УЛ.1754 бр.11

26. Кадровски прашања

27. Прашања и предлози

28. Информација за продажбата на акциите и уделите од вкупниот капитал на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија стекнат по основа на трансформација на претпријатијата со општествен капитал во периодот од 1 април до 30 јуни 2020 година

29. Информација за објавените огласи за јавни набавки во месец јуни 2020 година (Биро за јавни набавки)

30. Информација во врска со примената на Законот за следење на комуникациите

31. Информација за реализираните активности за времено згрижените лица и создадените можности за самостојно домување

32. Информација за исплата на парични права од социјална заштита за јули 2020 година

*

*         *

Владата без забелешки ги усвои Записникот од 76-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 13 јули 2020 година и Записникот од 77-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 21 јули 2020 година

*

*         *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**Точка 1**

Владата го разгледа и го усвои Записникот од Сто и вториот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, одржан на 23 јули 2020 година и согласно предлозите изнесени во расправата на седницата ги донесе следните заклучоци:

1. Го усвои Записникот од Сто и вториот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, одржан на 23 јули 2020 година.

2. Го усвои Протоколот за работа на кошаркарските клубови при системот на КФСМ за превенција и заштита од COVID-19.

3. Го усвои Протоколот за прием на документација од студенти запишани на додипломски студии во државните студентски домови и други објекти за сместување во Република Северна Македонија за студиската 2020/2021 година.

Согласно ова, Владата донесе Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за мерките за спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19.

**Точка 2**

Владата го разгледа и го усвои Записникот од Сто и третиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, одржан на 24 јули 2020 година.

**Точка 3**

Владата го разгледа и го усвои Записникот од Сто и четвртиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, одржан на 27 јули 2020 година.

**Точка 4**

Владата го симна од дневен ред Записникот од Сто и петтиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19.

**Точка 5**

Владата ги донесе:

1. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Министерството за внатрешни работи (пмв Фолксваген Голф 4), во предложениот текст.

2. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Министерството за внатрешни работи (пмв Фолксваген Голф), во предложениот текст.

3. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Министерството за внатрешни работи (пмв Крајслер Војаџер), во предложениот текст.

4. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Министерството за внатрешни работи (пмв Ауди А4), во предложениот текст.

5. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Агенцијата за национална безбедност на Република Северна Македонија Скопје (пмв Шкода Суперб) (нов текст), во предложениот текст.

6. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Агенција за примена на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните на Република Северна Македонија (пмв Мерцедес Е240), во предложениот текст.

7. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на Јавно претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „ЈАСЕН" – Скопје (тмв Фолксваген комбе), во предложениот текст.

8. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Јавно претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „ЈАСЕН" – Скопје (пмв Ауди А6), во предложениот текст.

9. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на Јавното претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта - Ц.О. Скопје (пмв Фиат Фиорино), во предложениот текст.

10. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на Министерството за труд и социјална политика (пмв Рено Лагуна), во предложениот текст.

11. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Министерството за внатрешни работи-Биро за јавна безбедност (пмв БМВ), во предложениот текст.

12. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на ЈЗУ Здравствен дом Македонски Брод (пмв Фолксваген Пасат), во предложениот текст.

13. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на ЈЗУ Здравствен дом- Крушево (пмв Опел Корса), во предложениот текст.

14. Одлуката за престанување на важењето на Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на Универзитет „Св. Кирил и Методиј" – Скопје (нов текст), во предложениот текст.

15. Одлуката за престанување на важењето на Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Министерството за култура (нов текст), во предложениот текст.

16. Одлуката за престанување на важењето на Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на НУ Ансамбл на албански народни ора и песни во Република Северна Македонија (нов текст), во предложениот текст.

17. Одлуката за престанување на важењето на Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на ЈЗУ Здравствен дом – Велес, во предложениот текст.

Истовремено, Владата заклучи следниве предлог-одлуки да бидат разгледани на првата седница на Комисијата за политички систем, по изборот на новиот состав на Владата на Република Северна Македонија:

1. Предлог-одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на општина Чаир.

2. Предлог-одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Град Скопје.

3. Предлог-одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на општина Куманово.

4. Предлог-одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда општина Крушево.

## Точка 6

Владата ги донесе:

1. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземени предмети со правосилни пресуди на Дирекција за заштита и спасување (нов текст), во предложениот текст.

2. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на трајно одземен предмет во управна постапка на ЈЗУ Здравствен дом Дебар (најнов текст), во предложениот текст.

3. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземени предмети со правосилни одлуки на Јавно претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „ЈАСЕН“ – Скопје, во предложениот текст.

4. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на трајно одземени предмети во управна постапка на Јавна установа за сместување на лица баратели на право на азил Прифатен центар за баратели на азил с.Визбегово-Скопје (нов текст), во предложениот текст.

5. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на трајно одземен предмет во управна постапка на ЈЗУ Здравствен дом Д-р Русе Бошковски, с.Ростуше - Ростуше (најнов текст), во предложениот текст.

6. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на трајно одземен предмет во управна постапка на ЈЗУ Здравствен дом Македонски Брод (најнов текст), во предложениот текст.

7. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на трајно одземен предмет во управна постапка на ЈЗУ Институт за белодробни заболувања кај децата КОЗЛЕ (нов текст), во предложениот текст.

8. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на трајно одземен предмет во управна постапка на ЈЗУ Универзитетска клиника по хируршки болести „Св. Наум Охридски“ Скопје (нов текст), во предложениот текст.

9. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземени предмети со правосилни пресуди на Јавна установа Национален Парк Маврово, Маврови Анови (нов текст), во предложениот текст.

10. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на трајно одземен предмет во управна постапка на ЈЗУ Специјална болница по гинекологија и акушерство “ Мајка Тереза“- Скопје (нов текст), во предложениот текст.

11. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземени предмети со правосилни пресуди на Комисија за односи со верските заедници и религиозни групи (нов текст), во предложениот текст.

Истовремено, Владата заклучи:

- Предлог-одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на трајно одземен предмет во управна постапка на општина Чаир;

- Предлог-одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на општина Гази Баба;

- Предлог-одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземени предмети со правосилни одлуки на општина Богданци;

- Предлог-одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземени предмети со правосилни пресуди на општина Центар Жупа и

- Предлог- одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземени предмети со правосилни одлуки на Црвен крст на Република Северна Македонија, да се разгледаат на Првата седница на Комисијата за политички систем, по формирање на новиот состав на Владата.

**Точка 7**

Владата условно го донесе новиот текст на Одлуката за запишување на правото на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности, доколку се обезбеди позитивно мислење од Агенцијата за катастар на недвижности.

**Точка 8**

Владата ја разгледа Фискалната стратегија на Република Северна Македонија за 2021-2023 година, ја донесе Фискалната стратегија и заклучи да ја достави до Собранието на Република Северна Македонија, за информирање.

Истовремено, Владата заклучи Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и Министерството за економија да достават мислења по Фискалната стратегија.

**Точка 9**

Владата го одложи разгледувањето на Предлог - одлуката за измена на распоредот на средствата во посебниот дел утврден со Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година.

**Точка 10**

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата за статусот со адаптацијата на купените деловни простории во новото седиште на НАТО во Брисел во кои што од неодамна се пресели Мисијата на Република Северна Македонија при НАТО и натамошни активности околу опремувањето на истите.

## Точка 11

Владата ја разгледа Информацијата за контрибуција на Република Северна Македонија во Доверителниот фонд на НАТО за справување со пандемијата КОВИД-19 и ја усвои со следниот заклучок:

- Се задолжуваат Министерството за одбрана, Министерството за надворешни работи и Министерството за здравство да обезбедат финансиски средства во износ од 15 до 20 илјади евра, за контрибуција во Доверителниот фонд на НАТО, како израз на посветеноста на Владата на Република Северна Македонија да придонесе во заедничките напори на Алијансата за справување со пандемијата КОВИД 19.

## Точка 12

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за плановите за учество на Република Северна Македонија во операцијата на НАТО во Косово – КФОР и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за одбрана да преземе потребни мерки и да ги регулира сите прашања со надлежните институции на НАТО и КФОР, за распоредување на единица во јачина на еден вод и штабен персонал (вкупно до 45 лица) во операцијата КФОР на Косово, до крајот на 2020 година.

2. Се задолжува Министерството за одбрана да ја извести Владата за преземените мерки во врска со учество на Република Северна Македонија во операцијата на НАТО во Косово – КФОР, најдоцна до 15 декември 2020 година.

## Точка 13

Владата ја разгледа Информацијата за правосилност на пресудата на Европскиот суд за човекови права во случајот Авто АТОМ ДОО Кочани против Северна Македонија А.бр.21954/16, со Предлог – одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за исплата на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година, во предложениот текст.

Средствата, во вкупен износ од 53.068 евра, во денарска противвредност, да бидат исплатени најдоцна до 26 август 2020 година.

Истовремено, Владата ја задолжи Управата за јавни приходи да достави Известување дали се поправени овие системски грешки и доколку не, до Владата да достави Акциски план за систематско решение на проблемот (за сите правни субјекти).

Исто така, Бирото за застапување на Република Северна Македонија пред Европскиот суд за човекови права, во иднина да ги доставува сите правосилни пресуди на Европскиот суд за човекови права до надлежниот орган од кој е започната постапката, со цел преземање на системско решение за надминување на проблемот, во случај кога Република Северна Македонија ќе го изгуби спорот.

**Точка 14**

Владата ја разгледа Информацијата за напредокот на проектот „Реконструкција на казнено-поправните установи во Република Северна Македонија", како материјал за информирање.

Истовремено, Владата го задолжи Министерство за правда –Управа за извршување на санкциите да достави информација за напредокот на проектот „Реконструкција на казнено-поправните установи во Република Северна Македонија" до Владата, најдоцна до крајот на октомври 2020 година.

**Точка 15**

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за давање согласност на Одлуката за промена на името на Домот, во предложениот текст.

**Точка 16**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Јавната здравствена установа Клиничка болница Штип, во предложениот текст.

**Точка 17**

Владата ја донесе Одлуката за доделување стипендии на странски државјани од интерес за Република Северна Македонија, во предложениот текст.

Истовремено, да се има предвид укажувањето на Министерството за финансии во насока исплатата на стипендиите да се врши без притоа да се наруши динамиката на реализација на средствата наменети за партиципација во студентски домови планирани во рамките на Буџетот на Министерството за образование и наука, Потпрограма 60 - Студентски стандард, како и потребните средства за наредните години, Министерството за образование и наука да ги обезбеди во рамки на максималните износи на расходи за соодветната фискална година.

**Точка 18**

Владата ја донесе Одлуката за утврдување на бројот на стипендистите и висината на стипендиите за ученици запишани во средните училишта во Република Северна Македонија за учебната 2020/2021 година, во предложениот текст.

Истовремено, да се има предвид укажувањето на Министерството за финансии во насока исплатата на стипендиите да се врши без притоа да се наруши динамиката на реализација на средствата наменети за партиципација во ученички домови планирани во рамките на Буџетот на Министерството за образование и наука, Потпрограма 50 - Ученички стандард, како и потребните средства за наредните

години, Министерството за образование и наука да ги обезбеди во рамки на максималните износи на расходи за соодветната фискална година.

**Точка 19**

Владата го разгледа Годишниот извештај за работата на Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија за 2019 година и притоа го утврди следново мислење

Годишниот извештај за работата на Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија за 2019 година е во функција на исполнување на обврската Фондот согласно член 67 став 1 од Законот за здравственото осигурување, според кој Фондот е должен најмалку еднаш годишно да доставува извештај за својата работа и анализа за економско-финансиското работење до Министерството за здравство, Владата на Република Северна Македонија и Собранието на Република Северна Македонија.

Владата на Република Северна Македонија во однос на доставениот Годишен извештај за работата на Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија за 2019 година нема забелешки.

**Точка 20**

Владата го разгледа Годишниот извештај за работата на Инспекцискиот совет за 2019 година и притоа го утврди следново мислење

Согласно член 16 став (3) од Законот за инспекциски надзор („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.102/19), Инспекцискиот совет поднесува Годишен извештај за информирање до Собранието на Република Северна Македонија, најдоцна до крајот на првото тромесечје на тековната, за претходната година.

Доставениот извештај содржи Вовед, и две поглавја Инспекцискиот совет и Реализирани активности произлезени од законските надлежности на Инспекцискиот совет за 2019 година. Во првото поглавје се разработени статусот на Инспекцискиот совет, мисија, визија, вредности и принципи на кои се темели Инспекцискиот совет, организација, систематизација и надлежности и Буџет на Инспекцискиот совет. Второто поглавје од Годишниот извештај содржи податоци за одржаните седници на Инспекцискиот совет, активностите по однос на новиот Закон за Инспекциски надзор, следење на работата на инспекциските служби, издавање и одземање на лиценци на инспектори, спроведување на дисциплински постапки, налози за инспекциски надзор, постапување по претставки, поплаки, жалби и други дописи, стручно усовршување на инспекторите, соработка со други институции и меѓународна соработка.

Имајќи го предвид горенаведеното, Владата на Република Северна Македонија нема забелешки по Годишниот извештај за работата на Инспекцискиот совет за 2019 година.

## Точка 21

Владата го разгледа Годишниот извештај за работата на Државната комисија за спречување на корупцијата за 2019 година и притоа го утврди следното мислење:

Согласно член 19 став (2) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/2019):
„Државната комисија за спречување на корупцијата поднесува Годишен извештај за својата работа до Собранието на Република Македонија, најдоцна до 31 март во тековната година за претходната година. Годишниот извештај Државната комисија за спречување на корупцијата го доставува и до Претседателот на Република Македонија, Владата на Република Македонија и средствата за јавно информирање.“.
Законот содржи одредба (член 19 став (3)) со која е утврдено Годишниот извештај да содржи:
- статистички податоци за предмети оформени, решени предмети и предмети по кои постапува согласно со своите надлежности, со анализа,
- број на иницијативи поднесени до Јавно обвинителство и други органи,
- информација за институциите кои не постапиле по барањата на Државната комисија за спречување на корупцијата,
- број на предмети за кои е покрената прекршочна постапка, оценка на спроведувањето на овој закон и
- оценка на состојбата со корупција и борбата против корупцијата во државата.

Предметниот Годишен извештај го исполнува горенаведеното барање за задолжителна содржина на Годишниот извештај за работата на Државната комисија за спречување на корупцијата, со тоа што:
Статистички податоци за предмети оформени, решени предмети и предмети по кои постапува согласно со своите надлежности, со анализа, се дадени во поглавјата 4.2 „Постапување во случаи за сомнежи за Корупција“ и 4.3. „Постапување во случаи на судир на интереси“ од Годишниот извештај.

Податоци со број на иницијативи поднесени до Јавно обвинителство и други органи, како и информации за институциите кои (не)постапиле по барањата на Државната комисија за спречување на корупцијата се дадени во истите поглавја наративно и во табеларните прегледи од прилозите 1, 2 и 3 од Годишниот извештај.

Бројот на предмети за кои е покрената прекршочна постапка е презентиран во поглавјето 4.6 „Прекршочна комисија“ од Годишниот извештај, додека својата оценка за спроведувањето на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата ја дава под поглавјето 5.4 „Искуства од примената на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси“.
Одредени елементи на оценка за состојбата со корупцијата и борбата против корупцијата во државата се содржани во поглавјето 4.2 „Постапување во случаи за сомнежи за корупција“. Овој дел би се сметал за целосен доколку се земе предвид спроведената и објавена анализа на проценка на ризици од корупција1 врз основа

на која е подготвена Националната стратегија за спречување на корупција и судир на интереси 2020-2024 (согласно член 18 став 2 од Законот), а за кои проценети ризици е пропуштено да се наведат информации во Годишниот извештај, од аспект на давање оценка за состојбата со корупцијата и борбата против корупцијата во државата.

Согласно член 15 став (2) од Законот за заштита на укажувачи („Службен весник на Република Македонија", бр. 196/15 и 35/18):
„Државната комисија за спречување на корупцијата е должна до Собранието на Република Северна Македонија да достави Годишен извештај за примени пријави од укажувачи во рамки на својот годишен извештај за работа."

Согласно оваа одредба, Годишен извештај за примени пријави од укажувачи е содржан во предметниот Годишен извештај за работата на Државната комисија за спречување на корупцијата, под поглавјето 4.9 „Примена на Законот за заштита на укажувачи-ЗЗУ".

Доставувањето на Годишниот извештај за работата на Државната комисија за спречување на корупцијата во 2019 година е во функција на исполнување на законската обврска на Државната комисија за спречување на корупцијата, утврдена со горенаведените законски одредби.

Покарактеристични наоди на Државната комисија за спречување на корупцијата што можат да се издвојат од Годишниот извештај се следните:
-Бројот на примени пријави и отворени предмети во 2019 година е поголем од вкупниот број на пријави примени во Државната комисија за спречување на корупцијата во последните пет години.
-За подобрување на ефикасноста во работењето на Државната комисија за спречување на корупцијата потребно е да и се обезбеди функционален простор, софтверски решенија и соодветен број на вработени во нејзиниот Секретаријат.
-Граѓаните и правните лица како подносители на пријавите најчесто укажуваат на сомневања за корупција и коруптивно однесување во судските постапки, во постапките од областа на урбанизмот и градежништвото, постапките за вработувања, остварување на права пред институциите на централната и на локалната власт, но и во постапките за доделување на договори за јавни набавки.
-Зголемената сензибилност на јавноста во однос прашањата од областа судир на интереси, придонесе за зголемен број на пријави за сите облици на судир меѓу јавниот и приватниот интерес, што е најмногу изразено при вработувањата во јавниот сектор. Врз основа на постапувањето по овие предмети, Државната комисија за спречување на корупцијата утврдила ризици за корупција и состојби настанати како резултат на отсуство на интегритет, недоволна транспарентност, слаб надзор и контрола, неказнивост, како и недоследности и недоречености во законската регулатива.
-Новиот образец за пријавување на имотната состојба и интересите (изјава за имотна состојба и интереси) се уште не е пропишан од страна на Државната комисија за спречување на корупцијата, и покрај тоа што со Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, член 119 став (5), утврден е рок за негово пропишување - 60 дена од нејзиното конституирање. Причините за тоа, како што е

наведено во Годишниот извештај, е во неуспехот да се реализираат активностите за обезбедување на софтвер преку кој ќе се овозможи изјавата да се поднесува во електронска форма, согласно член 82 став (5) од Законот.
-Регистарот на избрани и именувани лица, кој согласно Законот го води Државната комисија за спречување на корупцијата, не ја претставува точната бројка на избрани и именувани лица поради фактот што голем број на институции кои вршат именување и разрешавање не ја исполнуваат законски утврдената обврска за известување.
-По основ на прекршочните постапки водени од прекршочната комисија во Државната комисија за спречување на корупцијата, по сите основи и наплатените глоби, како што е наведено во Годишниот извештај „во Буџетот на Република Северна Македонија уплатени се средства во износ од 937.840 денари.“.
-Реализацијата на Државната програма за превенција и репресија на корупцијата и превенција и намалување на појавата на судир на интереси 2016-2019 година е на задоволително ниво (од вкупниот број предвидени активности, 76% се активности кои се реализирани и активности кои се во тек на реализација).
-Имплементацијата на Законот за заштита на укажувачи е на незадоволително ниво. Изборот на новиот состав на Државната комисија за спречување на корупцијата влијаеше на зголемување на довербата кај граѓаните за оваа институција, а со тоа и на користењето на нејзиниот канал за заштитено надворешно пријавување.
-Од презентираните податоци за реализација на Буџетот на Државната комисија за спречување на корупцијата за 2019 година, се забележува дека со најголема реализација е ставката Плати, даноци и придонеси, а со најмала е ставката Капитални расходи. 75,49% од вкупниот Буџет на Државната комисија за 2019 година е реализиран.

Годишниот извештај за работата на Државната комисија за спречување на корупцијата за 2019 година содржи и информации и податоци кои се однесуваат на:
- утврдени слабости во примената на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси,
- активностите за проверка на анкетни листови и изјави за интереси,
- антикорупциска проверка на легислативата,
- подготовката на Националната стратегија за спречување на корупција и судир на интереси 2020-2024 година и
- активности на Државната комисија за спречување на корупцијата за реализација на проекти и зајакнување на соработката со државните институции, невладиниот сектор, како и со меѓународните организации и мрежи на антикорупциски институции.

Конечно, во завршниот дел на Годишниот извештај се дадени препораки кои Државната комисија за спречување на корупцијата ги предлага.

Еден дел од препораките се однесуваат на иницијативи односно активности кои треба да ги преземе Државната комисија за спречување на корупцијата самостојно во рамки на своите надлежности, како и на иницијативи за изменување на закони кои произлегуваат од слабости утврдени во примената на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и Законот за заштита на укажувачи, но и

слабости утврдени со спроведена антикорупциска проверка на легислативата. Останатите препораки се однесуваат на решавање на проблемот со обезбедувањето соодветни просторни и технички услови за ефикасно работење на Државната комисија за спречување на корупцијата и на обезбедувањето финансиски средства за зголемување на бројот на вработени во Секретаријатот на Државната комисија за спречување на корупцијата и за ангажирање на надворешни експерти. Во таа насока, Државната комисија за спречување на корупцијата предлага Владата „да изнајде начин за трајно решавање на проблемот со деловен простор на Државната комисија за спречување на корупцијата, кој ќе значи и реализација на други проекти. Да се обезбеди средства за зголемување на бројот на вработените и ангажирање на надворешни експерти. Да се обезбедат средства за финансирање на софтверско решение кое ќе овозможи поврзување на Државната комисија за спречување на корупцијата со база на податоци со други институции согласно Законот, електронско поднесување на Изјавата за имотна состојба и интереси, и други модули за тековно работење на Државната комисија за спречување на корупцијата.“.

Потребата за обезбедување (финансирање) на потребните софтверски решенија за Државната комисија за спречување на корупцијата е предвидена, со тоа што е побарано да се реализира преку Инструментот за претпристапна помош - ИПА III, во рамки акциската програма 2021/2022 година.

Имајќи го предвид горенаведеното, Владата на Република Северна Македонија нема забелешки по однос на Годишниот извештај за работата на Државната комисија за спречување на корупцијата во 2019 година.

**<u>Точка 22</u>**

Владата ја разгледа Иницијативата поднесена од Ајдован Адемоски, почесен конзул на Република Турција во Република Северна Македонија и други, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.219/2020 за поведување на постапка за оценување на уставноста на одредби од Законот за данокот на моторни возила („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.261/2019) и притоа го утврди следното мислење:

Со поднесената Иницијатива, подносителите му предлагаат на Уставниот суд да поведе постапка за оценување на уставност на член 15 став (1) точка 1), во делот „освен за конзуларните претставништва водени од почесните конзули“ и член 15 став (7) од Законот за данок на моторни возила („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 261/2019). Подносителите во образложението наведуваат дека оспорените одредби содржат непрецизност или двосмисленост и дека е нарушена функционалната логичка целина на Законот, како и дека постои можност за недоследно или различно променување на законските одредби во пракса како и дека нивната примена создава нееднаквост на државата кон граѓаните.

Исто така, понатаму е наведено дека со поранешниот Закон за акцизите („Службен весник на Република Македонија“ бр.32/01.....120/18), кој престана да важи со примената на новиот Закон за акцизите од 1 јануари 2020 година, било пропишано

целосно ослободување од плаќање на акциза за патнички автомобили за конзуларните претставништва водени од почесните конзули.

Понатаму, наведуваат дека оспорените одредби не се во согласност со член 8 став 1 алинеја 3 и 11, член 9 став 2, член 51 и член 118 од Уставот на Република Северна Македонија.

Од таа причина предлагаат Уставниот суд на Република Северна Македонија да поведе постапка за оценување на уставност на член 15 став (1) точка 1, во делот „освен за конзуларните претставништва водени од почесните конзули" и член 15 став (7) од Законот за данок на моторни возила („Службен весник на Република Северна Македонија" број 261/2019).

Имено, оданочувањето на патничките автомобили беше уредено со Законот за акцизите („Службен весник на Република Македонија" број 32/01.....120/18) и притоа истиот се применуваше до 31 декември 2019 година, при што од 1 јануари 2020 година отпочна со примена нов Закон за акцизите („Службен весник на Република Северна Македонија" број 108/19.....275/2019), додека оданочувањето на патничките автомобили се регулираше со нов Закон за данок на моторни возила кој исто така отпочна да се применува од 01 јануари 2020 година.

Со Законот за данок на моторни возила („Службен весник на Република Северна Македонија" број 261/2019) се уредува данокот на моторни возила наменети за употреба на територијата на Република Северна Македонија, во однос на настанувањето, пресметувањето и плаќањето на данокот на моторни возила, како и правата и обврските на обврзниците за плаќање на данокот на моторни возила и надлежностите на царинскиот орган во врска со данокот на моторни возила.

Притоа, во членот 15 од Законот за данок на моторни возила е регулирано ослободувањето од данок или враќање од платен данок на моторни возила за дипломатски и конзуларни претставништва и за меѓународни организации. Имено, во членот 15 став (1) точка 1) од Законот е уредено дека данок на моторни возила не се плаќа или се враќа за моторни возила кога се наменети за службени потреби за дипломатските и конзуларните претставништва, како и посебните мисии акредитирани во Република Северна Македонија, врз основа на начелото на реципроцитет, освен за конзуларните претставништва водени од почесните конзули, додека во ставот (7) од истиот член е пропишан исклучок на ставот (1) точка 1) од членот 15 на Законот, на начин што е овозможено конзуларните претставништва водени од почесните конзули при увоз да се ослободат од данок на моторни возила во износ од 50 % од пресметаниот данок на моторни возила или да им се врати платениот данок на моторни возила за моторните возила кои се купуваат на територијата на Република Северна Македонија во износ од 50 % од платениот данок на моторни возила.

Имено, кодификацијата на конзуларното право започнала во XIX век и е извршена со Виенската Конвенција за конзуларни односи, усвоена на 24 април 1963 година, која стапила во сила на 19 март 1967 година, чија договорна страна е нашата држава преку сукцесија („Додаток на Сл. лист на СФРЈ" бр.5/1966).

Комисијата за меѓународно право при Организацијата на Обединетите нации која работела на кодификација на конзуларното право во 1956 година оценила дека прашањето за почесните конзули не треба да се разработи во Виенската Конвенција, бидејќи секоја држава има слобода на одлучување дали ќе именува и прима почесни конзули. Но Виенската Конвенција за конзуларни односи се определила за компромисно решение на начин што главата III од Конвенцијата е посветена на конзулатите управувани од почесни конзули, утврдувајќи дека одредбите од делот III нема да се применуваат во државите кои не поставуваат и не прифаќаат почесни конзули.

Во Виенската Конвенција се предвидува поделба на конзулите по два критериуми а) врсти конзули б) класи на конзули. Во таа насока во став 2 од член 1 од Конвенцијата се предвидуваат две врсти на конзуларни функционери: Конзули од кариера (consules missi) и почесни конзули (consules electi).

Виенската конвенција детално ја регулира материјата на привилегии и имунитети, односно истата е поделена во делови: олеснувања, привилегии и имунитети на конзулат на кариерните конзуларни функционери и др. членови на конзулатот (глава II од член 27 до член 57) режим кој се применува на почесните конзуларни функционери и на конзулатот со кој тие раководат од глава III (член 58 до член 68). Привилегиите и имунитетите на конзулатот раководен од почесните конзуларни функционери потекнуваат од државата на именувањето. Почесните конзуларни функционери имаат помал обем од привилегии и имунитети од оние кои се доделуваат на кариерните конзули, поточно станува збор само за неопходен минимум за извршување на конзуларните работи. Тоа значи дека правниот основ за привилегиите и имунитети на почесните конзуларни функционери не произлегува од функционалната неопходност како што се случај со кариерните конзули. Почесните конзули имаат државјанство на државата на приемот заради што нема можност да уживаат привилегии и имунитет односно подлежат на националното законодавство на државата на приемот како и другите граѓани.

Во однос на привилегии и имунитети на конзулат раководен од почесни конзули во Виенската Конвенција за конзуларни односи се предвидува следното:

- Во член 59 од Виенската Конвенција се предвидува дека државата на приемот треба да ги преземе сите неопходни мерки за заштита на конзулатот со кои раководи почесен конзул со цел во овие простории да не се влезе насилно или да се наруши мирот или неговото достоинство.
- Конвенцијата предвидува дека заради нормално функционирање на конзулатот со кој раководи почесен конзул државата на приемот може да дозволи увоз или да го ослободи од царини, даноци и други давачки и такси сите предмети кои се наменети за службена употреба, кои предмети се набројани во членот 61 од Конвенцијата (овде не влегуваат моторните возила).

Од аспект на надлежностите се упатува дека во Протоколарниот поредок на Република Северна Македонија, Конзулатите раководени од почесен конзул (односно, според нашата номенклатура, т.н. Почесни конзулати) како правни субјекти, уживаат извесни даночни привилегии кои се согласно Виенската

Конвенција за конзуларни односи од 1963 година. Овие даночни привилегии се однесуваат на набавка или увоз на предмети за основно функционирање на самиот Конзулат како правно лице.

Што се однесува до физичките лица – носители на престижната функција Почесен конзул на странска држава во Република Северна Македонија, односно самите Почесни конзули, тие не уживаат Даночни привилегии, поради фактот што се воедно и Државјани на Република Северна Македонија, што според сите важечки царински и даночни закони во Република Северна Македонија ги ограничува во тој поглед.

Согласно горенаведеното со оспорените одредби од Законот за данок на моторни возила не постои повреда на Виенската Конвенција за конзуларни односи од 1963 година.

Дополнително, се напоменува дека во однос на начинот на уредување на предметното прашање, истовремено се имаше предвид и фактот дека оданочувањето на моторните возила во Европската Унија не е хармонизирано што значи дека државата има можност уредувањето на предметното прашање по однос на ослободувањето на конзуларните претставништва водени од почесните конзули од данок на моторни возила да го уреди самостојно односно на национално ниво.

Оттука, неосновани се наводите на подносителите на Иницијативата дека со закон се менуваат меѓународни договори кои се ратификувани во согласност со Уставот и воедно се потенцира дека ваквиот нивен став е резултат на погрешно толкување на одредбите од Виенската конвенција за конзуларни односи кои се однесуваат на почесните конзули. Аналогно на ова со оспорените одредби на Законот на данок на моторни возила не постои повреда на членот 118 од Уставот на Република Северна Македонија.

Тргнувајќи од наведеното, законодавецот на национално ниво одлучи и го пропиша исклучокот на ставот (1) точка 1) од членот 15 од Законот за данок на моторни возила и на тој начин овозможи конзуларните претставништва водени од почесните конзули при увоз да се ослободат од данок на моторни возила во износ од 50 % од пресметаниот данок на моторни возила или да им се врати платениот данок на моторни возила за моторните возила кои се купуваат на територијата на Република Северна Македонија во износ од 50% од платениот данок на моторни возила.

Притоа, факт е дека поранешниот Закон за акцизите („Службен весник на Република Македонија“ бр.32/01.....120/18) кој се применуваше до 31 декември 2019 година и во кој беше уредено оданочувањето на патничките автомобили, во делот на акцизните ослободувања предвидуваше акцизни ослободувања за дипломатски и конзуларни претставништва и меѓународни организации кое беше регулирано во одредба со општа, генерална формулација без соодветно прецизирање така што нејзината примена во пракса создаваше правна празнина, недореченост и дилеми во постапувањето во поглед на оданочувањето на конзуларните претставништва водени од почесните конзули со акциза за патнички автомобили.

Имено, во случајов недореченоста во Законот внесуваше правна несигурност и истовремено го обврзуваше законодавецот во понатамошното регулирање на наведената проблематика да донесува прецизни, недвосмислени и јасни норми кои единствено можат да претставуваат основа за правилно постапување од страна на надлежните органи.

Исто така, неспорен факт е дека Законот за акцизите беше донесен во 2001 година, додека од друга страна во нашата држава институтот почесни конзули се популаризираше изминатиов период, од кога и практично се појавија дилемите поврзани со конзуларните претставништва водени од почесните конзули во однос на оданочување со акциза за патнички автомобили.

Во меѓувреме се донесе нов Закон за акцизите („Службен весник на Република Северна Македонија" број 108/19.....275/2019) и нов Закон за данок на моторни возила („Службен весник на Република Северна Македонија" број 261/2019). Во новиот Закон за акцизите патничките автомобили не се предмет на оданочување и истите се уредени со новиот Закон за данок на моторни возила со кој е регулирано оданочувањето на моторните возила.

Притоа, предметното прашање во однос на конзуларните претставништва водени од почесните конзули во врска со оданочувањето со данок на моторни возила се уреди во Законот за данок на моторни возила при што законодавецот одлучи, а притоа имајќи ги предвид одредбите од Виенската конвенција за конзуларни односи, дека сега ослободувањето од данок или враќање на платениот данок на моторни возила за дипломатски и конзуларни претставништва и за меѓународни организации треба да се прецизира, така што се пропиша дека истото нема да се однесува за конзуларните претставништва водени од почесните конзули, додека по исклучок на истите им се овозможи при увоз да се ослободат од данок на моторни возила во износ од 50 % од пресметаниот данок на моторни возила или да им се врати платениот данок на моторни возила за моторните возила кои се купуваат на територијата на Република Северна Македонија во износ од 50% од платениот данок на моторни возила. На овој начин член 15 став (1) точка 1) и став (7) од истиот член од Законот за данок на моторни возила е уреден јасно, прецизно и недвосмислено, бидејќи само на тој начин е гарантирана правната сигурност која е составен дел од принципот на владеење на правото.

Дополнително, се потенцира дека регулативата во однос на оданочувањето на моторните возила не е хармонизирана на ниво на Европската унија така што законодавецот има право на национално ниво самостојно да одлучи во однос на ослободувањето на конзуларните претставништва водени од почесните конзули од данок на моторни возила.

Исто така, граѓаните се должни да плаќаат данок, при што начинот на плаќање се уредува со закон, од каде секој има уставна обврска да ги намирува јавните давачки, а во рамките на начинот на плаќање на јавните давачки постојат законски механизми за нивно исполнување.

Според законодавецот, целта на одредбата со која по исклучок се овозможува конзуларните претставништва водени од почесните конзули при увоз да се ослободат од данок на моторни возила во износ од 50 % од пресметаниот данок на моторни возила или да им се врати платениот данок на моторни возила за моторните возила кои се купуваат на територијата на Република Северна Македонија во износ од 50% од платениот данок на моторни возила е во функција на самиот институт „почесен конзул„ така што при одлучувањето се водеше пред се од суштината на самиот институт „почесен конзул„ како и од улогата и значењето кое го имаат конзуларните претставништва водени од почесните конзули посебно од аспект на нивниот активен придонес кон развивање на соработка и унапредувањето на пријателските односи меѓу државите така што неспорно ја прави оваа цел на законодавецот легитимна.

Имајќи го предвид горенаведеното, се смета дека оспорените одредби се во согласност со член 8 став 1 алинеја 3 и 11, член 9 став 2, член 51 и член 118 од Уставот на Република Северна Македонија.

Врз основа на горенаведеното, Владата на Република Северна Македонија смета дека член 15 став (1) точка 1), во делот „освен за конзуларните претставништва водени од почесните конзули" и член 15 став (7) од Законот за данок на моторни возила („Службен весник на Република Северна Македонија" број 261/2019), се во согласност со Уставот на Република Северна Македонија, поради што му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да донесе Решение со кое предметната иницијатива ќе ја отфрли како неоснована.

## Точка 23

Владата го разгледа Решението на Уставниот суд на Република Северна Македонија, под У.бр.217/2020 од 1.7.2020 година, за поведување постапка и оценување на уставноста и законитоста на Уредбата со законска сила за изменување и дополнување на Уредбата за примена на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за време на вонредна состојба, донесена од Владата на Република Северна Македонија бр. 44-3992/1 од 12 мај 2020 година („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.123/20) и Уредбата со законска сила за измена и дополнување на Уредбата за примена на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за време на вонредна состојба, донесена од Владата на Република Северна Македонија бр.44-6309/1 од 22 јуни 2020 година („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.169/20) и притоа го утврди следново мислење:

Оваа измена и дополнување на Уредбата со законска сила за примена на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за време на вонредна состојба („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.90/20) беше неопходна заради усогласување со интензитетот на мерките за справување со прогласената пандемија од COVID-19 донесени од Владата на Република Северна Македонија. На кратко, првооспорената Уредба со законска сила претставува пропорционално и соодветно преземање на мерки за надминување на причините и последиците од прогласената вонредна состојба. Начинот и периодот на донесувањето на подзаконските акти е веќе образложен пред Уставниот суд во соодветен одговор, доставен во врска со

Решението на Уставниот суд, заведено под број У.бр.126/2020 од 27 мај 2020 година, кое се однесува на Уредбата со законска сила за примена на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за време на вонредна состојба, објавена во „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.90/20. Сепак, неопходно е повторно да се истакне хронолошкиот развој на настаните, заради суштинско значење на аудио и аудиовизуелната регулација, не само во време на прогласена пандемија, туку и во однос на заштитата на човековите права, воопшто.

Имено, на 16.2.2020 година беше усвоен Законот за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.42/20). Со овој Закон влезе во примена и член 143 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18 и 248/18). Членот 143 определува обврска за регулаторот за донесување на соодветни подзаконски акти чии предмет на доуредување е регистрација на странски програмски сервиси од страна на операторите, Оттука, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (во натамошниот текст: ААВМУ) на 28.2.2020 година отвори јавна расправа за овие подзаконски акти кои произлегуваат од член 143 од предметниот Закон.

Јавната расправа е задолжителен процедурален елемент кој претходи на донесување на подзаконски акти од страна на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Конкретно, член 10 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 42/20) (во натамошниот текст: ЗААВМУ), определува дека Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги пред да донесе или измени подзаконски акт од своја надлежност, на својата веб страница јавно ќе го објави предложениот подзаконски акт, со цел да обезбеди јавна расправа, односно да им овозможи на сите заинтересирани страни да ги изразат своите мислења, гледишта и ставови во однос на предложениот подзаконски акт.

Во време на траење на јавната расправа е прогласена пандемија од Коронавирусот COVID-19. Заради оваа причина Претседателот на Република Северна Македонија донесе Одлука за утврдување на постоење на вонредна состојба бр.08-526/2 од 18 март 2020 година, објавена во „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.68/20. Оваа фактичка околност значи дека вонредната состојба е прогласена на 18-от ден од отворањето на јавната расправа, која јавна расправа согласно член 10 од ЗААВМУ треба да трае најмалку 30 дена. Од наведените причинско-последични околности јавната расправа започната од Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, а со тоа и донесувањето на подзаконските акти, мораше да биде прекината. Имено, немаше фактички услови за продолжување на јавната расправа која претходи на донесувањето на подзаконските акти. Од една страна заради избегнување на собири за одржување на јавната расправа, а од друга страна целото внимание на сите, а вклучително и на медиумите, беше насочено кон развојот на пандемијата. За одржување на јавната расправа ќе беше потребно да има собири на повеќе лица во еден простор, што согласно препораките на Комисијата за заразни болести е забрането заради спречување на ширење на COVID-19. Дополнително, сите

медиуми во истиот овој период беа фокусирани кон информациите од јавен интерес, односно пренос на вести поврзани со вонредната состојба предизвикана од Коронавирусот. Оттука, а токму заради еднаков третман на медиумите и сите останати чинители во оваа сфера кои имаат правен интерес за подзаконските акти за кои беше отворена јавната расправа, соодветно, пропорционално и разумно беше да се одложи донесувањето на подзаконските акти од страна на ААВМУ. Оттука, беше донесен основниот текст на Уредбата со законска сила за примена на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за време на вонредна состојба („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.90/20).

Заради пропорционално и разумно справување со причините и последиците од прогласената вонредна состојба, кои што се во суштинска врска со причинителот и последиците, со времен карактер, а соодветно на интензитетот на мерките за справување и спречување на ширење на последиците од Коронавирусот COVID-19, Владата на Република Северна Македонија ја донесе Уредбата со законска сила за измена и дополнување на Уредбата со законска сила за примена на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за време на вонредна состојба бр.44-3992/1 од 12 мај 2020 година („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.123/20). Со оваа измена и дополнување се определи дека јавната расправа за подзаконските акти од член 143 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.42/20), може да се спроведе и со употреба на средства за електронска комуникација и истата трае 15 дена од денот на влегувањето во сила на оваа уредба со законска сила. Дополнително, со истата Уредба е определено дека Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги ќе ги донесе подзаконските акти во фактички и формално прецизиран рок, целосно соодветен на законски пропишаниот рок. Впрочем, како што наведува Уставниот суд во својот реферат: „вонредната состојба е пропорционална, дизајнирана и насочена кон справување со причините на состојбата и последиците од истата и од тие причини Владата презема мерки кои што се во суштинска врска со причинителот и последиците, со времен карактер", очигледно е дека така постапила и Владата на Република Северна Македонија со донесувањето на сега првооспорената Уредба.

Уставниот суд на Република Северна Македонија, на својата седница одржана на 27 мај 2020 година, донесе Решение У.бр.126/2020. Со ова решение се поведе постапка за оценување на уставноста и законитоста на основниот текст на Уредбата, односно Уредбата со законска сила за примена на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за време на вонредна состојба, донесена од Владата на Република Северна Македонија, број 44-2832/1 од 3 април 2020 година, („Службен весник на Република Северна Македонија" број 90/2020). За ова решение на Уставниот суд се дозна од соопштението објавено на веб страницата на судот. Од оваа причина, а заради обезбедување на правна сигурност од процедурален аспект, на 29.5.2020 година донесена е нова Уредба со законска сила за примена на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за време на вонредна состојба, истиот ден објавена во „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.140/20. Со оваа нова Уредба престанува да важи претходната, како и нејзиното изменување и дополнување. Во однос на Иницијативата на Уставен суд, носењето на оваа нова

Уредба процедурално значи дека Решението заведено под број У.бр.217.2020 од 1 јули 2020 година, во делот кој се однесува на Уредбата со законска сила за измена и дополнување на Уредбата за примена на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за време на вонредна состојба, донесена од Владата на Република Северна Македонија бр.44-3992/1 од 12 мај 2020 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.123/20) е веќе беспредметно.

Во однос на делот од Решението заведено под број У.бр.217/2020 од 1 јули 2020 година кој се однесува на Уредбата со законска сила за измена и дополнување на Уредбата со законска сила за примена на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за време на вонредна состојба, донесена од Владата на Република Северна Македонија бр.44-6309/1 од 22 јуни 2020 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.169/20), а имајќи ги предвид фактичките последици кои произлегуваат од веќе донесеното Решение на Уставен суд, а со цел правилно одлучување на Уставниот суд на Република Северна Македонија, се укажува за следното: Уставниот суд наведува дека „вонредната состојба претставува состојба во која поради настанување на големи природни непогоди или епидемии, а се со цел справување со причините или последиците од истата, се нарушува воспоставениот ред и во такви околности во кои што се преземаат од страна на Владата, вонредната состојба е пропорционална, дизајнирана и насочена кон справување со причините на состојбата и последиците од истата и од тие причини Владата презема мерки кои што се во суштинска врска со причинителот и последиците“. Во согласност со наведеното, а соодветно и на интензитетот на сите донесени мерки за справување и спречување на ширење на последиците од Коронавирусот COVID-19 од Владата на Република Северна Македонија, меѓу кои и забраната за патување во странство за државјаните на Република Северна Македонија, неопходно беше да се продолжи рокот од 60 на 150 дена за достава на нови пријави до Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за реемитување на странски радиодифузери. Впрочем, вакви мерки во форма на забрани за влез на странски државјани се утврдени и од секоја друга држава. Оттука, со Уредбата со законска сила за изменување и дополнување на Уредбата со законска сила за примена на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за време на вонредна состојба („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.169/20), рокот за достава на нови пријави од странски радиодифузери, согласно донесените подзаконски акти од Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, соодветно на мерките што ги преземаат сите држави. Овој рок е продолжен заради тоа што одговорните лица на домашните оператори е потребно да прибават документација од радиодифузери регистрирани во странска држава. Во согласност со воспоставените практики за договорно утврдување на авторските и сродните права помеѓу домашните оператори и странските радиодифузери, постои можност за реална фактичка потреба од физичко одржување на состаноци помеѓу овие засегнати страни. Ова физичко присуство на состаноци не е возможно подеднакво во сите случаи, токму заради мерките за справување со пандемијата од COVID-19 на глобално ниво, а конкретно забрана за влез или излез во конкретна држава во која е регистриран странски радиодифузер што се реемитува во Република Северна Македонија. Ова е единствената причина поради која е донесена второосporената Уредба со законска сила за изменување и дополнување на Уредбата со законска сила за примена на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за време

на вонредна состојба („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.169/20).

Донесеното Решение на Уставниот суд, заведено под број У.бр.217/2020 од 1 јули 2020 година во делот на Уредбата со законска сила за изменување и дополнување на Уредбата со законска сила за примена на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за време на вонредна состојба („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.169/20), практично значи враќање на рокот од 60 дена за достава на нови пријави за реемитување на странски програмски сервиси и наметнува обврска на домашните оператори која не е возможно да се исполни во тој рок. Напомнување дека овој рок за операторите истекува на 8 август оваа година. Дополнително, укажуваме дека оваа правна состојба може да предизвика повторно затемнување на сите канали што ги реемитуваат операторите, што не смее да се случи во овие околности на прогласена пандемија.

Имајќи го предвид сето горе наведено, се предлага Уставниот суд итно и со должно внимание да го разгледа ова мислење, токму заради целосна и доследна заштита на темелните вредности определени со Уставот на Република Северна Македонија и заради доследна имплементација на општо прифатените начела релевантни за вонредна состојба утврдени со меѓународните инструменти.

Оттука Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд да донесе решение за запирање на постапката за оценување на уставноста и законитоста на горенаведените прописи.

## Точка 24

Владата го разгледа Статутот на Приватната високообразовна установа МИТ Универзитет - Скопје и притоа го утврди следново мислење:

Владата на Република Северна Македонија со допис бр.44-1748/1 од 14 април 2020 година даде Мислење со забелешки по однос на Статутот на Приватната високообразовна установа МИТ Универзитет-Скопје (бр.0302-117 од 18.2.2020 година).

Приватната високообразовна установа МИТ Универзитет-Скопје, достави нов текст на Статутот (бр.01-450/1 од 29.6.2020 година), за што Владата го дава следното мислење:

Од насловната страна на Статутот да се избришат зборовите „(пречистен текст)“, од причини што не се работи за пречистен текст на Статутот, туку за нов Статут на Приватната високообразовна установа МИТ Универзитет – Скопје.

Од страна на Приватната високообразовна установа МИТ Универзитет – Скопје не е постапено согласно забелешките за членот 33 ставот 5 од Статутот, да се усогласи со членот 97 од Законот за високото образование. При тоа да се има предвид ставот 3 на членот 106 од Законот за високото образование според кој „Органот на основачот не може да има права и обврски со кои се ограничува и повредува

автономијата на високообразовната установа или се ограничуваат правата и обврските на органите на универзитетот утврдени со овој закон.“. Ова се однесува и на членовите 35, 38 и 77 од Статутот.

Во членот 123 од Статутот ставот 2 да изостане, од причини што истото е уредено со ставот 4.

Не е постапено по забелешките на членот 145 од Статутот, односно не е извршено усогласување со ставот 3 на членот 106 од Законот за високото образование според кој „Органот на основачот не може да има права и обврски со кои се ограничува и повредува автономијата на високообразовната установа или се ограничуваат правата и обврските на органите на универзитетот утврдени со овој закон.“.

Во членот 242 ставот 1 од Статутот да се усогласи со членот 151 став 4 од Законот за високото образование.

**Точка 25**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Јасмина Радончиќ од Скопје, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.1354 за КО Сингелиќ 1 на КП бр.1657 место/улица УЛ.1754 бр.11 и не ја прифати Понудата, имајќи го предвид негативното мислење на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 26**

По оваа точка немаше предлози.

**Точка 27**

**1.** Владата донесе Одлука за поништување на решенија за распоредување на работно место, решение за именување на работно место, наредби за извршување работи и задачи и решение за изрекување на дисциплинска мерка.

**2.** Владата го разгледа и го прифати Барањето од Министерството за финансии за согласност за спроведување на јавна набавка (автомобилски гуми), под бр.03-4656/1 од 24 јули 2020 година.

**3.** Владата го разгледа барањето доставено од Јавното претпријатие за изградба и одржување на јавен простор за паркирање, уредување и организирање на јавен локален превоз на патници во Општина Битола, под број 03-112/1 од 11.6.2020 година и притоа укажува дека нема надлежност да дава согласност за продолжување на договорите или согласност за објава на оглас за вработување, односно прашањето е во надлежност на Општината.

**4.** Владата го разгледа и го одобри Барањето од Центарот за стручно образование и обука согласност за набавка на лаптоп компјутери за потреба на вработените-советниците за одржување на онлајн (on-line) обуки на наставниците од средните стручни училишта за имплементација на реформите во стручното образование.

**5.** Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба заради зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти/бегалци низ територијата на Република Северна Македонија за период од 16.7.2020 до 22.7.2020 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и Собранието на Република Северна Македонија.

**6.** Владата на предлог на м-р Никола Димитров, министер за надворешни работи заклучи Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за транспорт и врски и Министерството за култура за наредната седница на Владата, да достават подетални мислења по однос на Деталниот урбанистички план „Мал ринг“ во општина Центар.

Истовремено, Владата заклучи Министерството за животна средина и просторно планирање да отпочне постапка за испитување на влијанието на предложениот Детален урбанистички план „Мал ринг“ во општина Центар врз животната средина, а Министерството за култура - Работната група за изработка на анализа за реализацијата и последиците од т.н. „Проект Скопје 2014“ за наредната седница на Владата да ги достави заклучоците кои се однесуваат на Деталниот урбанистички план „Мал ринг“ во општина Центар.

<u>Точка 28</u>

Владата ја разгледа Информацијата за продажбата на акциите и уделите од вкупниот капитал на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија стекнат по основа на трансформација на претпријатијата со општествен капитал во периодот од 1-ви април до 30-ти јуни 2020 година, како материјал за информирање.

<u>Точка 29</u>

Владата ја разгледа Информацијата за објавените огласи за јавни набавки во месец јуни 2020 година (Биро за јавни набавки), како материјал за информирање.

Истовремено, Владата го задолжи Бирото за јавни набавки да подготви и до Владата да достави квартална проценка за објавените огласи за јавни набавки за прв и втор квартал од 2020 година, споредено со прв и втор квартал од 2019 година.

<u>Точка 30</u>

Владата ја разгледа Информацијата во врска со примената на Законот за следење на комуникациите, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата заклучи да се имаат предвид мислењата на Агенцијата за национална безбедност и Оперативно-техничката агенција Скопје.

<u>Точка 31</u>

Владата ја разгледа Информацијата за реализираните активности за времено згрижените лица и создадените можности за самостојно домување, како материјал за информирање.

## Точка 32

Владата ја разгледа Информацијата за исплата на парични права од социјална заштита за јули 2020 година и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за труд и социјална политика да ги достави податоците за корисниците на парични права од социјална заштита до деловните банки најдоцна до 3 август 2020 година.

2. Се препорачува на деловните банки да обезбедат достапност на средствата од јунските исплати на паричните права од социјална заштита преку банкомати и во трговските мрежи од 4 август 2020 година.

*

*         *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 13:15 часот.

| ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА | ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА |
|---|---|
| **д-р Драги Рашковски** | **Оливер Спасовски** |

Подготвил: Никола Пасков
Контролирал: Љубица Р. Димовска
Согласен: Дејан Јакимовски
Одобрил: Митра Спасовска